МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

4385.

Врз основа на член 131 став (6) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ, ОДНОСНО НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/13, 13/16 и 2/19), во член 3 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„ (5) За член на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, може да биде избрано лице од наведените специјалности од став (1) на овој член, кое има најмалку 5 години работно искуство во областа по специјализација".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 09-8025/3
28 декември 2020 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Јагода Шахшаска, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

4386.

Врз основа на членот 158-s точка 1) а во врска со член 74 точка 5) од Законот за супервизија на осигурување пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 22.12.2020 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МИНИМАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Област на примена
Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните стандарди за пресметка на техничките резерви на друштвата за осигурување и/или реосигурување (во натамошниот текст: друштво за осигурување) кои имаат за цел да обезбедат издвоените технички резерви од страна на друштвата за осигурување да бидат адекватни со намера да биде заштитен јавниот интерес.

Дефиниција на поимите
Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1) Закон – Закон за супервизија на осигурување;

2) Агенција - Агенција за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија;

3) Друштво за осигурување - друштво за осигурување и/или друштво за реосигурување кое има добиено дозвола за вршење работи на осигурување, односно реосигурување од страна на Агенцијата;

4) Договор за осигурување – договор за осигурување, договор за соосигурување, односно договор за реосигурување со кој друштвото за осигурување обезбедува осигурително, соосигурително, односно реосигурително покритие;

5) Договор за реосигурување – договор за реосигурување, договор за соосигурување, односно договор за ретроцесија со кој друштвото за осигурување предава ризици во реосигурување, соосигурување, односно во ретроцесија;

6) Овластен актуар - лице кое има дозвола за работа како овластен актуар од Агенцијата;

7) Назначен актуар - овластен актуар кој е назначен од друштво за осигурување согласно член 113 став (1) од Законот;

8) Потврда на овластениот актуар – Потврда која назначениот актуар на друштвото за осигурување ја доставува до Агенцијата согласно член 116 од Законот;

9) Актуарско мислење – вербално или пишано мислење обезбедено од страна на овластен актуар доколку истото може да биде проверено од страна на трето лице во смисла на документираност на процесот;

10) Последователен настан – значи настан за кој овластениот актуар станува свесен после датумот на пресметка, но пред датумот на известување;

11) Признати актуарски постапки - општо познати и признати актуарски методологии од страна на актуарската професија, стандарди и пракса, како и согласно важечките прописи. Тука, освен квантитативните методи и стандарди, поседнакво се подразбира и професионалното квалитативното расудување на овластениот актуар кое е неопходно за правилно извршување на неговите задачи;